Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-251/2
Дата: 23.05.2012


Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk


До: Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- Тука

Предмет: Достава на извештај од Комисијата за изработка на извештајот на соодветност на Студијата за ОВЖС за Проектот: "Автопат Штип - Струмица"

Почитуван г-ин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на комисијата и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина за Проектот: "Автопат Штип - Струмица" на инвеститорот Агенција за државни патишта од Скопје, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: "Автопат Штип - Струмица ".

Со почит,

Изготвил: Билјана Спироска
Проверил: м-р Зоран Бошев

**УПРАВА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**ДИРЕКТОР**
**Филип Иванов**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот Проектот: "Автопат Штип - Струмица"

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

Архивски бр. 11-251/2
Дата: 23.05.2012

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До : Кабинет на министерот
Министер, Abdilaqim Ademi
- Тука

Предмет: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за проектот: "Автопат Штип - Струмица", за потребите на инвеститорот Агенција за државни патишта од Скопје

Почитувани,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: "Автопат Штип - Струмица " , на ден 17.05.2012 година изготви

## И З В Е Ш Т А Ј

### за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот - " Автопат Штип - Струмица "

1. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина на проектот: "Автопат Штип - Струмица ", изработена од "БАЛКАН КОНСАЛТИН" ДОО од Скопје, со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

животната средина Ленче Јанева за потребите на инвеститорот Агенција за државни патишта од Скопје оцени дека со проектот инвеститорот предвидува изградбата на автопат кој започнува од крајот на клучката Три Чешми (на која се поврзуваат и новопроектираните автопати: Штип - Свети Николе - Миладиновци; Велес- Бугарска Граница и Штип - Срумица ), за завршува кај Просениково. Овој автопат е обработен во две делници : Делница 1 - Штип - Радовиш и Делница 2 - Радовиш (всушност од Воиславци околу 35 км од правта делница ) до Струмица. Вкупната должина на предвидениот автопат изнесува околу 60 км.

Делницата 1 Штип - Радовиш е разгледувана во два дела: делот кај Штип и делот од излезот кај Штип при спојот со Р-526 до крајот на делницата кај Радовиш, додека делницата 2 започнува од км 36+346. За делницата 2 се предложени делниците 2.1 и 2.2.1 лево

Анализата на веројатните влијанија извршена е во фаза на изградба и тоа : подготвителни работи на терен, во текот на изведувањето на работите и по завршување на работите при расчистување на теренот и во тек на експлоатација и тоа врз медиумите на животната средина и тоа: воздухот, водите,почва, појава на отпад, позајмишта, депонии, влијание на патот од пренамена на користење на земјиште, влијанија врз пределот, влијанија врз биокоридори, влијанија врз станишта и екосистемите, влијанија врз флората и фауната, ризик од инциденти, бучава, вибрации, влијание врз споменици на природата, влијание врз археолошките локалитети и останати влијанија и социјални ефекти. Соодветно на влијанијата, односно на причините кои допринесуваат овој Проект да има негативни влијанија врз животната средина, предвидени се мерки за заштита и облажување на овие влијанија. Во делот на Заклучоци и препораки предвидено е покрај почитување на мерките кои се предложени во Студијата за ОВЖС да се спроведува мониторинг и во тек на градба на автопатот и во тек на експлоатацијата, да се изработи прецизен и детален Елаборат за геолошки истражувања во кој ќе се дефинираат поземните води, за уништените зелени

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

површини, земјоделско земјиште и пошумени области се препорачува мерки за пошумување по должината на трасата со автохтони видови на растенија, земјоделските површини кои ќе се користат како пристапни патишта , по завршувањето на градежните работи да се поправат и прилагодат за нивна употреба од страна на локалното население, пристапните патишта да се извршат во координација со шумските препријатија во засегнатите општини, непотребните пристапни патишта по завршување на градежните работи да бидат пошумени и затворени за употреба. Во фазата на објава на тендер за избор на изведувач, дел од тендерската документација да бидат и план за расчистување на вегетација и објекти, план за сечење на дрвја, план за трансплатација на дрвја, план за рехабилитација на позајмишта, план за снижување на нивото на подземни води, план за организација на градилиштето во смисла на лоцирање на работилиштата за одржување на возилата, полнење на гориво и складирање на градежни и опасни материјали, димензионирање просторот што е потребен за изведување на објектите и пристапните патишта, план за постапување со отпад, постапување со опасни материи, план за спроведување на мерки за контрола на ерозијата и временаска рамка за изведување на работите (почитувајќи го принципот на избегнување на обемни активности во периодот на гнездење на птици и сл.)

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

[redacted]

2. Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: “Автопат Штип - Струмица “ му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: “Автопат Штип - Струмица“, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на штетните влијанија врз животната средина и природата.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Комисија:**

1. Зоран Бошев ______________
2. Билјана Спироска ______________
3. Илбер Мирта ______________
4. м-р Валериј Пенев ______________
5. Назим Алити ______________
6. м-р Сашко Јорданов ______________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на Проектот: “ Автопат Штип - Струмица“.